РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
ТЕЛО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ИПАРД

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СЛЕДЕЊЕ

## на спроведувањето на ИПАРД Програмата 2014-2020

## (за периодот до декември 2022)

декември, 2022

Содржина:

1. Вовед ..... 3

2. Оценка на напредокот во спроведувањето на целите, мерките и инвестициите на ИПАРД Програмата 2014-2020 ..... 4

2.1 Цели на ИПАРД Програмата 2014-2020 ..... 4

2.2 Анализа на процесот на спроведување по мерка ..... 5

a. Спроведување на мерка 1 ..... 8

b. Спроведување на мерка 3 ..... 9

c. Спроведување на мерка 7 ..... 10

## 1. Вовед

Комитетот за следење на ИПАРД II се грижи за исполнување во однос на ефективноста и квалитетот на спроведувањето на ИПАРД програмата 2014-2020 со цел да се постигнат целите на ИПАРД Програмата. Комитетот за следење на ИПАРД II ги испитува резултатите од ИПАРД Програмата 2014-2020, особено постигнувањето на целите поставени за различните мерки и напредокот во користењето на финансиските средства на тие мерки и распределбите на подмерките во рамките на мерките каде што се вклучени такви средства. Во врска со ова, Телото за управување со ИПАРД (ТУ) гарантира дека сите релевантни информации за напредокот на мерките и подмерките, се ставени на располагање на членовите на Комитетот за следење. За оваа цел ТУ го подготвува овој извештај за следење.

Полугодишните податоци за следење на спроведувањето на ИПАРД програмата 2014-2020 година (јуни - јануари) се презентирани во годишниот извештај за следење, кој ТУ го доставува до Комитетот за следење на ИПАРД II и е составен дел на годишниот извештај за спроведување на ИПАРД програмата. Годишните податоци за следење (јануари - јуни) се претставени во овој извештај.

Со цел да се обезбедат подетални информации за спроведувањето на Програмата, овој извештај за следење ќе презентира излезни (output) индикатори со статус од 31ви октомври[1] 2022 година. Индикаторите што даваат информации за типот на производство или типот на инвестиции се доставуваат од страна на АФПЗРР на полугодишно ниво и имаат статус до 30 јуни 2022 година.

[1] Само излезните (output) индикатори за број на барања/примена финансиска поддршка, одобрени и исплатени барања се презентирани со статус од 31ви октомври 2022 година.

# 2. Оценка на напредокот во спроведувањето на целите, мерките и инвестициите на ИПАРД Програмата 2014-2020

## 2.1 Цели на ИПАРД Програмата 2014-2020

И покрај тоа што Програмата потенцијално служи за повеќе од една цел според ИПА II и нејзината конзистентност со Националната стратегија за земјоделство и рурален развој (НАРДС) 2014-2020, целите на Програмата се групираат во следниве приоритетни области:

- Зајакнување на одржливоста на земјоделските стопанства и конкурентноста на сите видови земјоделство и примарна преработка на храна, истовремено прогресивно усогласувајќи се со стандардите на Унијата. Цели ќе се постигнат со спроведување на мерките за „Инвестиции во основни средства на земјоделски стопанства“ и „Инвестиции во основни средства за преработка и маркетинг на земјоделски и рибни производи“.
- Враќање, зачувување и зајакнување на екосистемите зависни од земјоделството и шумарството.
- Промовирање на рамномерен територијален развој во руралните области. Целта ќе се достигне со спроведување на мерката „Подобрување и развој на руралната инфраструктура“ и „Диверзификација на фармите и развој на бизнис“.
- Трансфер на знаење и зајакнување на јавната администрација во спроведувањето на програмите за рурален развој.

Мерката „Техничка помош“ е хоризонтална мерка, која поддржува успешно спроведување на целата програма, затоа оваа мерка не може да биде директно поврзана со посебна цел.

Постигнувањето на целите на мерката се оценува преку сет на специфични индикатори дефинирани и насочени за секоја мерка[2].

| Индикатори за мерката | | Проектирана цел | Постигнати резултати | Постигнато во % |
|---|---|---|---|---|
| Мерка 1 | Број на поддржани проекти | 3.100 | 1.760 | 56,8% |
| | Број на земјоделски стопанства кои изведуваат проекти на модернизација | 3.100 | 1.760 | 56,8% |
| | Број на економски ентитети кои постепено се унапредуваат до стандарди на ЕУ | 1.200 | 617 | 51,4% |
| | Број на земјоделски стопанства кои постепено напредуваат кон целосна усогласеност со стандардите на ЕУ за благосостојба на животните | 30 | 123 | 410% |
| | Број на стопанства што инвестираат во | 25 | 2 | 8% |

[2] Индикаторите за бројот на поддржани проекти, број на земјоделски стопанства/претпријатија кои изведуваат проекти за модернизација и број на земјоделски стопанства /претпријатија кои развиваат дополнителни или диверзифицирани извори на приход во руралните области имаат статус од 31 октомври 2022 година. Другите индикатори на оваа табела имаат статус од 30™ од јуни 2022 година.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | производство на обновлива енергија | | | |
| | Број на стопанства што инвестираат во управување со добиток заради намалување на емисиите на N20 и метан (складирање на ѓубриво) | 50 | / | / |
| | Вкупни инвестиции во физички капитал кај поддржаните земјоделски стопанства | 48 милиони € | 32 милиони € | 66,6% |
| Мерка 3 | Број на поддржани проекти | 220 | 100 | 45,4% |
| | Број на стопанства кои изведуваат проекти на модернизација | 220 | 100 | 45,4% |
| | Број на економски ентитети кои постепено се унапредуваат до стандарди на ЕУ | 200 | 8 | 4% |
| | Број на стопанства што инвестираат во производство на обновлива енергија | 20 | 1 | 5% |
| | Број на креирани работни места (бруто) | 1.300 | / | / |
| | Вкупни инвестиции во физички капитал кај подджаните стопанства | 52 милиони € | 31 милиони € | 59,6% |
| Мерка 7 | Број на поддржани проекти | 300 | 86 | 28,6% |
| | Број на земјоделски стопанства кои развиваат дополнителни или диверзифицирани извори на приход во руралните области | 70 | / | / |
| | Број на корисници што инвестираат во производство на обновлива енергија | 25 | / | / |
| | Број на креирани работни места (бруто) | 1.000 | / | / |
| | Вкупни инвестиции во физички капитал кај подджаните корисници | 9 милиони € | 9,5 милиони € | 105,5% |

## 2.2 Анализа на процесот на спроведување по мерка

Спроведувањето на ИПАРД Програмата 2014-2020 започна во април 2017 година со поднесување на барањата на првиот јавен повик (кој ги вклучи сите 3 мерки). Од тогаш се објавени дополнителни 7 јавни повици:

- Јавен повик 01/2018 за поднесување на барања за мерка 3,
- Јавен повик 02/2018 за поднесување на барања за мерка 1,
- Јавен повик 01/2019 за поднесување на барања за мерка 7,
- Јавен повик 02/2019 за поднесување на барања за мерка 3,
- Јавен повик 01/2020 за поднесување на барања за мерка 1,
- Јавен повик 01/2021 за поднесување на барања за мерка 7 и
- Јавен повик 01/2022 за поднесување на барања за мерка 3.

Последниот јавен повик (01/2022) беше објавен на 23 јули 2022 со цел да се излезе во пресрет на барањата на преработувачката индустрија, а и да се стават на располагање средствата на Програмата кои не беа одобрени, како и средствата од проектите кои во текот на реализацијата беа прекинати на барање на барателите. За таа цел, пред

објавувањето на јавниот повик, Телото за управување со ИПАРД подготви измени на Програмата.

Состојбата со поднесените барања е следнава:

| Мерка | Поднесени | | Одобрени | | Исплатени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | ЕУ дел | Број | ЕУ дел | Број | ЕУ дел |
| 1 | 3.251 | 56.845.115 | 1.982 | 20.879.442 | 1.760 | 14.347.304 |
| 3 | 225 | 49.656.091 | 118 | 20.092.926 | 100 | 15.089.428 |
| 7 | 698 | 118.933.777 | 213 | 18.941.664 | 86 | 3.829.972 |
| 9 | 41 | 384.604 | 22 | 326.913 | 14 | 207.649 |
| Вкупно | 4.215 | 225.819.587 | 2.335 | 60.240.945 | 1.960 | 33.474.353 |

Анализата за спроведувањето на мерките 1, 3 и 7 од Програмата по региони е направена од страна на Телото за управување со ИПАРД и се заснова на податоци од системот за следење и со датум на важност на податоци од 31 октомври 2022 година.

| Регион | Поднесени | Одобрени | | | Исплатени | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број (А) | Број (Б) | % (Б/А) | ЕУ дел | Број (В) | % (В/А) | ЕУ дел |
| Пелагонија | 1.524 | 845 | 55% | 8.779.834 | 792 | 52% | 8.625.745 |
| Вардар | 962 | 541 | 56% | 6.528.524 | 501 | 52% | 2.956.224 |
| Североисточен | 193 | 127 | 66% | 751.579 | 93 | 48% | 598.659 |
| Југоисточен | 337 | 180 | 53% | 9.218.222 | 127 | 38% | 5.469.877 |
| Скопски | 356 | 185 | 52% | 14.517.825 | 124 | 35% | 4.012.798 |
| Југозападен | 240 | 152 | 63% | 4.089.084 | 84 | 35% | 2.455.369 |
| Полошки | 168 | 88 | 52% | 10.405.877 | 45 | 27% | 4.796.588 |
| Источен | 394 | 195 | 49% | 5.623.087 | 180 | 46% | 4.352.444 |
| Вкупно | 4.174 | 2.313 | 55% | 59.914.032 | 1.946 | 47% | 33.267.704 |

Податоците и резултатите од горенаведената табела можат да бидат поддржани со фактот дека региони како Пелагонија, Вардар и Југоисток имаат понапредно земјоделско производство предводено претежно од земјоделско производство (поледелство, овоштарство и лозарство и градинарство). Покрај тоа, инвестициите во земјоделско производство, особено во набавка на нови машини и опрема, се помалку комплицирани за спроведување (нема потреба од дозволи за градба / реконструкција или во случај на трактори нема потреба од доказ за еколошки стандарди).

Поддршка во мерка 1 по статистички региони:

| Регион | Поднесени | Одобрени | | | Исплатени | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број (А) | Број (Б) | % (Б/А) | ЕУ дел | Број (В) | % (В/А) | ЕУ дел |
| Пелагонија | 1.355 | 831 | 61% | 5.391.192 | 801 | 59% | 4.930.742 |
| Вардар | 859 | 544 | 63% | 4.219.227 | 489 | 57% | 2.141.604 |
| Североисточен | 146 | 85 | 58% | 483.695 | 76 | 52% | 455.854 |
| Југоисточен | 240 | 124 | 52% | 3.055.783 | 106 | 44% | 1.970.124 |
| Скопски | 182 | 112 | 62% | 2.973.589 | 56 | 31% | 954.349 |
| Југозападен | 158 | 91 | 58% | 442.035 | 68 | 43% | 372.886 |
| Полошки | 67 | 37 | 55% | 2.017.277 | 20 | 30% | 1.229.284 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Источен | 244 | 158 | 65% | 2.296.644 | 144 | 59% | 2.292.461 |
| Вкупно | 3.251 | 1.982 | 61% | 20.879.442 | 1.760 | 54% | 14.347.304 |

Поддршка во мерка 3 по статистички региони:

| Регион | Поднесени | Одобрени | | | Исплатени | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број (А) | Број (Б) | % (Б/А) | ЕУ дел | Број (В) | % (В/А) | ЕУ дел |
| Пелагонија | 43 | 21 | 49% | 1.874.341 | 19 | 44% | 1.687.866 |
| Вардар | 31 | 12 | 39% | 1.082.619 | 10 | 32% | 981889 |
| Североисточен | 7 | 2 | 29% | 73382 | 2 | 29% | 72921 |
| Југоисточен | 40 | 22 | 55% | 4.192.236 | 17 | 43% | 3.456.104 |
| Скопски | 38 | 22 | 58% | 5.756.242 | 16 | 42% | 2.916.397 |
| Југозападен | 11 | 7 | 64% | 1.798.567 | 5 | 45% | 1.510.398 |
| Полошки | 25 | 14 | 56% | 3.327.805 | 13 | 52% | 2.608.575 |
| Источен | 30 | 18 | 60% | 1.987.734 | 15 | 50% | 1.855.278 |
| Вкупно | 225 | 118 | 52% | 20.092.926 | 97 | 43% | 15.089.428 |

Поддршка во мерка 7 по статистички региони:

| Регион | Поднесени | Одобрени | | | Исплатени | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број (А) | Број (Б) | % (Б/А) | ЕУ дел | Број (В) | % (В/А) | ЕУ дел |
| Пелагонија | 127 | 49 | 39% | 1.571.301 | 26 | 20% | 584.474 |
| Вардар | 73 | 10 | 14% | 1.314.662 | 2 | 3% | 3.337 |
| Североисточен | 40 | 8 | 20% | 190302 | 2 | 5% | 2.004 |
| Југоисточен | 58 | 12 | 21% | 1.985.497 | 3 | 5% | 619.099 |
| Скопски | 134 | 38 | 28% | 5.717.994 | 13 | 10% | 925.954 |
| Југозападен | 71 | 21 | 30% | 1.874.282 | 6 | 8% | 164.859 |
| Полошки | 77 | 33 | 43% | 4.905.091 | 13 | 17% | 1.066.116 |
| Источен | 118 | 42 | 36% | 1.382.535 | 21 | 18% | 464.129 |
| Вкупно | 698 | 213 | 31% | 18.941.664 | 86 | 12% | 3.829.972 |

## a. Спроведување на мерка 1

Досега имаше три јавни повици за мерка 1 (01/2017, 02/2018 и 01/2020). Процесот на одобрување на барањата е завршен. Стапката на одобрување изнесува 60% на првиот јавен повик (01/2017), 58% на вториот јавен повик (02/2018) и 61% на третиот јавен повик (01/2020). Од 1.982 договори во висина од 27.839.256 € средства на ЕУ, досега се реализирани 1.760 и платени се 14.347.304 € средства на ЕУ.

Типови на производство засегнати од инвестициите во мерка 1[3]:

| Тип на производство | Поднесени барања (А) | Одобрени барања (Б) | % (Б/А) | Одобрен ЕУ дел | Исплатени барања (В) | % (В/А) | Исплатен ЕУ дел |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Лозарство | 476 | 305 | 64% | 3.813.485 | 282 | 59% | 1.267.383 |
| Овоштарство | 1.009 | 626 | 62% | 6.116.211 | 547 | 54% | 4.654.239 |
| Градинарство вклучително стакленици | 214 | 114 | 53% | 965.911 | 105 | 49% | 557.180 |
| Житарици | 1.403 | 854 | 61% | 6.689.549 | 756 | 54% | 5.673.870 |
| Индустриски растенија | 52 | 22 | 42% | 187.455 | 22 | 42% | 177.449 |
| Производство на млеко | 43 | 8 | 19% | 266.920 | 5 | 12% | 196.535 |
| Производство на месо | 28 | 5 | 18% | 2.062.363 | 4 | 14% | 871.706 |
| Производство на јајца | 10 | 2 | 20% | 446.268 | 1 | 10% | 321.981 |
| Преработка на земјоделско стопанство | 11 | 4 | 36% | 72.333 | 1 | 9% | 12.786 |
| Производство на енергија од обновливи извори | 5 | 2 | 40% | 6.353 | 2 | 40% | 6.353 |

Интересот и искористеноста на ИПАРД поддршката за видовите инвестициски активности во мерката 1 е првенствено за набавка на опрема и машини. Нема интерес за инвестициски активности за изградба или реконструкција на земјоделски објекти, развој на инфраструктура на фармите или објекти за активности по бербата и директен маркетинг на фармите. Причината за оваа состојба е неможноста на барателите да добијат дозволи за градба/реконструкција. Легализацијата на фармите, недостатокот на детални урбанистички планови во селата и слабите капацитети на руралните општини одговорни за ова прашање се дополнителни проблеми што го попречуваат процесот на добивање на одобрение за изградба или реконструкција.

[3] Податоците презентирани во табелата се со важност до јуни 2022

Исто така, не се покажа интерес за инвестиции во системи за наводнување, комбајни, специјализирани приколки и возила за земјоделски транспорт и набавка на повеќегодишни дрвја и растенија. Инвестициите во наводнување имаат помала вредност и тие обично се комбинираат со друга опрема и машини. Со цел да се избегне двојно пребројување на проектите, системот за следење ги регистрира овие мешани барања според повисоката цена на набавената ставка, во овој случај опремата или машинеријата.




## b. Спроведување на мерка 3

Досега имаше три јавни повици за мерка 3 (01/2017, 01/2018, 02/2019 и 01/2022). Процесот на одобрување на барањата на првиот, вториот и третиот јавен повик е завршен. Стапката на одобрување на првиот јавен повик достигна 54%, 58% на вториот и 80% на третиот јавен повик. Од 118 договори (26.790.568 € ЕУ средства) досега се реализирани и исплатени 100, дистрибуирајќи кон корисниците 15.089.428 € средства на ЕУ.

Типови на производство засегнати од инвестициите во мерка 3[4]:

| Тип на производство | Поднесени барања (А) | Одобрени барања (Б) | % (Б/А) | Одобрен ЕУ дел | Исплатени барања (В) | % (В/А) | Исплатен ЕУ дел |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Собирни центри за млеко | 10 | 6 | 60% | 912.043 | 5 | 50% | 296.171 |
| Преработка на млеко | 13 | 8 | 62% | 685.873 | 6 | 46% | 471.128 |
| Преработка на месо - говеда | 31 | 16 | 52% | 2.743.340 | 16 | 52% | 2.384.481 |
| Преработка на месо - свињи | 4 | 4 | 100% | 326.394 | 4 | 100% | 316.675 |
| Собирни центри овошје и | 33 | 19 | 58% | 5.300.272 | 11 | 33% | 3.208.657 |

4 Податоците презентирани во табелата се со важност до јуни 2022

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| зеленчук | | | | | | | |
| Преработка овошје и зеленчук | 66 | 37 | 56% | 6.427.977 | 33 | 50% | 4.494.295 |
| Преработка житарици и мелничка инд. | 25 | 10 | 40% | 497.145 | 7 | 28% | 240.874 |
| Масти и масла | 4 | 2 | 50% | 24.616 | 1 | 25% | 9.620 |
| Вино | 38 | 16 | 42% | 2.996.724 | 9 | 24% | 1.184.279 |

Слично на мерката 1, повеќето видови инвестиции во оваа мерка се во набавка на машини и опрема за специјализирани производствени активности. Сепак, имаше 30 барања и 10 договори за проекти кои вклучуваа инвестиции во изградба/реконструкција на оперативни објекти. Нема покажано интерес од барателите за инвестирање во подобрување на стандардите за благосостојба на животните, управување со отпад и отпадни води, подобрување на инфраструктурата на стопанството и специјализирани приколки за транспорт и возила. Во 45 наврати договорите беа откажани по барање на барателите.




## c. Спроведување на мерка 7

За оваа мерка беа објавени три јавни повици. Првиот јавен повик (01/2017) има 23 одобрени барања (придонес на ЕУ од 3.232.074 €) и стапка на одобрување од 12,6%. На овој повик беа доставени голем број апликации (46) за инвестиции во производство на обновлива енергија. Сите беа одбиени поради неисполнување на критериумите на Програмата. Инвестициите во производство на обновлива енергија подоцна беа исклучени од понатамошните јавни повици. На вториот јавен повик беа доставени 261 барање и беа потпишани 78 договори (придонес на ЕУ од 6.130.161 €). Стапката на одобрување на

барањата на овој јавен повик изнесува 29,8%. На третиот јавен повик беа доставени 250 барање и беа потпишани 112 договори (придонес на ЕУ од 9.588.607 €). Стапката на одобрување на барањата на овој јавен повик изнесува 44,8%.

Вкупно се платени 86 барања (средства на ЕУ од 3.829.972 €)

Типови на производство засегнати од инвестициите во мерка 7[5]:

| Тип на производство | Поднесени барања (А) | Одобрени барања (Б) | % (Б/А) | Одобрен ЕУ дел | Исплатени барања (В) | % (В/А) | Исплатен ЕУ дел |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Одгледување на печурки и тартуфи | 1 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 0 |
| Цвеќарство | 9 | 1 | 11% | 185.623 | 0 | 0% | 0 |
| Производство на семе и расад | 3 | 1 | 33% | 73.847 | | 0% | |
| Одгледување на животни | 7 | 1 | 14% | 183.657 | 1 | 14% | 173.326 |
| Пчеларство | 200 | 87 | 44% | 242.999 | 36 | 18% | 29.106 |
| Одгледување на лековити, зачински и ароматични растенија | 27 | 8 | 30% | 11.146 | 2 | 7% | 5.662 |
| Одгледување на дрва за сеча и биомаса | 4 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 0 |
| Рибарство и аквакултура | 5 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 0 |
| Преработка на млеко | 17 | 1 | 6% | 20.549 | 1 | 6% | 19.301 |
| Преработка на месо | 1 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 0 |
| Преработка на овошје и зеленчук | 46 | 21 | 46% | 2.185.678 | 8 | 17% | 421.473 |
| Преработка на житарици | 1 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 0 |
| Пијалоци | 8 | 1 | 13% | 222.562 | 0 | 0% | 0 |
| Преработка на дрво | 33 | 12 | 36% | 1.695.993 | 3 | 9% | 474.256 |
| Производство на мебел | 105 | 44 | 42% | 7.964.894 | 12 | 11% | 1.504.193 |
| Занаетчиство | 9 | 1 | 11% | 16.331 | 0 | 0% | 0 |
| Ветеринарни услуги | 33 | 10 | 30% | 525.903 | 3 | 9% | 22.185 |
| Сервиси за поправка и одржување | 2 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 0 |
| Социјални услуги | 5 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 0 |

[5] Податоците презентирани во табелата се со важност до јуни 2022

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Обуки и едукативни услуги | 8 | 3 | 38% | 503.362 | 0 | 0% | 0 |
| Транспортни услуги | 1 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 0 |
| Останати услуги | 8 | 1 | 13% | 410.708 | 0 | 0% | 0 |
| Туристичко сместување | 67 | 13 | 19% | 3.928.155 | 4 | 6% | 569.729 |
| Угостителски услуги | 25 | 3 | 12% | 390.643 | 0 | 0% | 0 |
| Рурални музеи | 14 | 2 | 14% | 549.110 | 1 | 7% | 147.717 |
| Семинари и тренинзи | 8 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 0 |
| Рекреативни активности | 7 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 0 |
| Производство на енергија од сонце, вода, ветер, геотермална енергија | 40 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 0 |
| Производство на био гориво | 1 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 0 |
| Енергија за сопствено користење | 5 | 0 | 0% | 0 | 0 | 0% | 0 |

Во оваа мерка, преовладува интересот за инвестирање во изградба и реконструкција на оперативни објекти за соодветните економски активности, инвестиции за подобрување на инфраструктурата на барателите и инвестиции во специјализирана опрема за преработка.

